Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-43/2
28.01.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-756/1 од 30.9.2024 година поднесена од [redacted], против ООУ „Панко Брашнаров"- Велес, за извршена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) на ден 20.1.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи сторена од страна на ООУ „Панко Брашнаров"- Велес врз [redacted] и останатите вработени во ООУ „Панко Брашнаров"- Велес кои не се членови на СОНК.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-756/1 од 10.12.2024 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи, од страна на ООУ „Панко Брашнаров"- Велес.

Според наводите од претставката, подносителката е вработена во ООУ „Панко Брашнаров"- Велес. Наведува дека во пет наврати поднела Барања за платено отсуство од 2 дена за итни и неодложни работи, согласно член 24 од Колективниот договор за основно образование, и тоа:

- На ден 4.4.2024 година, за на ден 5.4.2025 година истото да биде одбиено од страна на работодавачот од причина што подносителката не била член на Синдикат на образование, наука и култура („**СОНК**"). Притоа, подносителката потенцира таа била активист во Независниот синдикат за образование и наука („**НСОН**") и дека работодавачот бил запознаен со тоа;
- На ден 22.4.2024, за на ден 23.4.2025 година истото да биде одбиено од истата причина како и претходно наведеното;
- На ден 29.5.2024, за што на ден 31.5.2024 година подносителката по мејл била известена дека нејзиното барање се одбива;
- На ден 27.8.2024 година, по што подносителката не добила никаков одговор;
- На ден 21.10.2024 година, по што подносителката не добила никаков одговор.

Во продолжение, подносителката наведува дека директорката на училиштето и претседателот на Синдикалната организација при СОНК имале развиено пракса дека платеното отсуство од 2 дена за неодложни работи било право кое може да го уживаат само членовите на СОНК и истите можеле да се искористат само со поднесување на посебно Барање кое го издавал претставникот на синдикатот и важело само за членовите на СОНК. Во таа смисла подносителката смета дека директорот се водел по член 3 од Колективниот договор за основно образование кој гласи дека: *„Работник во смисла на овој Колективен договор е лице кое засновало работен однос во основното училиште и е член на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија"*.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во врска со претходно наведеното, таа тврди дека директорката во повеќе наврати напоменувала дека Колективниот договор за основно образование важи само за членовите на СОНК, а не и за членовите на НСОН, во кој членува и подносителката. Таа наведува дека и покрај тоа што имала поднесено три претставки до Државниот инспекторат за труд, на кои добила одговор во нејзина корист, работодавачот продолжил да ја дискриминира.

<u>Во прилог на претставката беа приложени следните докази:</u>

1. Одговори на барања од страна на ООУ „Панко Брашнаров";
2. Барања до директорката на ООУ „Панко Брашнаров";
3. Известувања од Државен инспекторат за труд.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно, член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.10.2024 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-756/2 до ООУ „Панко Брашнаров".

На ден 9.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен Поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-43/1, од страна на ООУ „Панко Брашнаров" преку полномошник адвокат [redacted] од Велес.

Од страна на училиштето, се наведува дека согласно член 24 став 1 од Колективниот договор за основното образование, работникот има право на платен одмор од работа за неодложни итни работи во траење од два дена. Меѓутоа, потенцираат дека согласно член 3, Колективниот договор за основното образование се однесува само на работниците кои се членови на СОНК и на други синдикати кои дополнително по писмен пат ги известиле и добиле согласност од потписниците на Колективниот договор за пристапување кон истиот. Наведуваат дека подносителката не е член ниту на СОНК, ниту на други синдикати кои дополнително по писмен пат ги известиле и добиле согласност од потписниците на договорот за пристапување кон Колективниот договор за основно образование. Дополнително на ова, наведено е дека од страна на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, до [redacted] било доставено Укажување во кое било наведено дека Колективниот договор е потпишан од страна на СОНК и како таков, важи само за членовите на СОНК.

Во продолжение, од страна на училиштето е наведено дека подносителката не ја оправдала причината поради која бара 2 слободни дена поради неодложни итни работи со писмена документација и дополнително не го почитувала работниот ред и дисциплина, поточно доаѓала подоцна на работа и си заминувала порано. Во таа насока, наведено е дека таа имала искористено повеќе од 7 слободни работни дена без да приложи писмено оправдување, што било спротивно на член 146 од Законот за работните односи кој гласи:

*„(1) Работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности (за склучување на брак, раѓање на дете (само за таткото) и/или смрт на близок роднина), до седум работни дена.*
*(2) Деновите на платениот одмор од ставот (1) на овој член се утврдуваат со колективен договор и по сите основи од ставот (1) на овој член не може да изнесуваат повеќе од седум работни дена."*

<u>Во прилог на Поднесокот за произнесување беа доставени следните докази:</u>

1. Полномошно до адвокат [redacted]

2. Укажување од претседателот на СОНК, Јаким Неделков, со бр. 0801-6/2 од 24.11.2017 година;
3. Пораки од лицето [redacted] пратени до овластено лице на ООУ „Панко Брашнаров";
4. Извадок од дневник на редовност на ООУ „Панко Брашнаров".

Ценејќи ги наводите во претставката, произнесувањето по истата и севкупно доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Член 3 од Колективниот договор за основно образование поставува рестриктивна дефиниција на „работник", според која работник е лице кое засновало работен однос во основното училиште и е член на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија. Според ваквата дефиниција, и според толкувањето на СОНК, лице кое засновало работен однос во основно училиште, но не е член на СОНК, не може да ги ужива правата дадени со Колективниот договор.

Оттука, во согласност со ваквото толкување, на подносителката на претставката во неколку наврати ѝ било одбивано претходно поднесено Барање за платено отсуство од 2 дена за итни и неодложни работи според член 24 од Колективниот договор за основно образование. Одбивањето било со образложение дека таа не е член на СОНК, па оттука не ѝ следува правото на платено отсуство од 2 дена за итни и неодложни работи.

Во контекст на ваквото толкување било испратено и Укажување од страна на претседателот на СОНК, Јаким Неделков, до директорката на ООУ „Панко Брашнаров", Валентина Стефанова, со кое било укажано дека Колективниот договор, од причина што е потпишан од страна на СОНК, важи само за членовите на СОНК.

Во оваа насока, **член 185 од Законот за работните односи** гласи:
„(1) *Работникот, односно работодавачот слободно одлучува за своето стапување и истапување од синдикатот, односно здружението на работодавачите.*
*(2)* ***Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или нечленство во синдикатот****, односно здружението на работодавачите, односно учество или неучество во дејноста на синдикатот, односно здружението на работодавачите*".

Во оваа смисла, **член 205 став 3 од Законот за работните односи** предвидува дека:

„*Колективниот договор на ниво на гранка односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности* ***се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите кои се членови на здружението на работодавачите потписници на колективниот договор или кои дополнително му пристапиле на здружението***".

Согласно со **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

**Член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

**Законот за работни односи** (Службен весник број 111/2023) исто така предвидува општа забрана за дискриминација во **член 6**, во согласност со кој:

*„(1) Работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности."*

Во смисла на наведеното, на вработените во ООУ „Панко Брашнаров" кои не членуваат во Синдикатот за образование, наука и култура, им се ограничува пристапот до правото на два слободни дена поради итни и неодложни работи според член 24 од Колективниот договор за основно образование, со што се ставаат во понеповолна положба во однос на вработените кои членуваат во СОНК.

Имено, во согласност со член 1, став 1 и 2 од Колективниот договор,
*„Со овој Колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во основното образование.*
*Овој Колективен договор е задолжителен, односно ги обврзува сите работодавачи од ставот 1 на овој член. "*
Член 2 од Колективниот договор предвидува дека *„Работодавач во смисла на овој Колективен договор е основно училиште"*.

Оттука, во согласност со цитираните одредби и со член 205 став 3 од Законот за работните односи, Колективниот договор за основно образование, како колективен договор на ниво на гранка, се применува непосредно и е задолжителен за сите основни училишта, како работодавачи во смисла на член 2 од Колективниот договор. Во оваа насока, основното училиште како работодавач кој е обврзан да го применува Колективниот договор, треба истото да го прави подеднакво кон сите вработени, без разлика на нивното членување или нечленување во СОНК.

Моменталната фактичка ситуација, во која одредени поповолни правни норми содржани во Колективниот договор важат и се применуваат само за членови на СОНК, претставува основа за понеповолен третман кон останатите вработени, кои засновале работен однос во училиштето, но не членуваат во СОНК.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ „Панко Брашнаров" во иднина да го одобрува правото на платено отсуство од 2 дена за итни и неодложни работи на подносителката [redacted], како и на останатите вработени во ООУ „Панко Брашнаров" кои не се членови на СОНК.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука и Синдикатот за образование, наука и култура да ја изменат дискриминаторската одредба во член 3 од Колективниот договор за основното образование на начин што ќе се овозможи еднаков третман кон сите вработени во основните училишта, без разлика на тоа дали членуваат или не членуваат во Синдикатот за образование, наука и култура, **најдоцна во рок од 6 месеци од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** сите работодавачи (основни училишта) врз кои се применуваат одредбите од Колективниот договор за основното образование да вршат воедначена примена на неговите одредби, кон сите лица кои засновале работен однос во основно училиште, независно од фактот дали членуваат или не членуваат во СОНК.

Доколку лицата не постапат согласно дадените препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- ООУ „Панко Брашнаров", ул. „Кресненско Востание" бр.2, 1400 Велес
- Самостоен синдикат за образование, наука и култура – СОНК, ул. „Маџир Маало" бр. 36, 1000 Скопје
- Министерство за образование и наука, ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје